# ПОСТАПКА ЗА ПРЕТРЕС НА ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА И ПРОСТОРИИ

## Дефинирање на поимот, видови и време на вршење на претрес:

- **Поим за Претрес на лица лишени од слобода и простории** - Претставува проверка на лицата лишени од слобода и просториите во кои престојуваат, заради пронаоѓање на предмети кои не е дозволено да ги поседуваат.

- **Видови на претрес**:

➢ **Личен претрес** на лица лишени од слобода (субјект на претресот може да биде секое лица лишено од слобода за време на издржувањето на казната затвор или мерката притвор)

➢ **Претрес на простории** (предмет на претресот се сите простории во установата каде престојуваат, се движат и работат лицата лишени од слобода)

➢ **Задолжителен претрес**:

- При приемот на лица лишени од слобода на издржување на казна затвор ил мерка притвор
- При спроведување на лица лишени од слобода
- При упатување на лица лишени од слобода во просторија за издржување на дисциплинска казна

➢ **Претрес по потреба** (се врши согласно планот за претрес на лица лишени од слобода и простории)

- **Време на вршење на претресот**:
- Претресот на лица и простории може да се врши во секое време (согласно потребите и утврдениот план за претрес)

## Национални прописи со кои се регулира постапка:

1. **Закон за извршување на санкциите (Сл. Весник на РСМ, бр. 99/2019 и 220/19)**
   - ➢ **член 54**
   - ➢ **член 58**
   - ➢ **член 86**
   - ➢ **член 202**

- **член 230**- Должност на лицата лишени од слобода за одржување на редот и дисциплината,
- **член 231, став 3, алинеја 4** - Внесување или изготвување на предмети што можат да се користат за напад, бегство или за вршење на кривични дела.

**.2. Правилник за овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружување и вршење на работите на затворската полиција** (Службен Весник на РСМ бр. 94/2022 ),

- **член 2 и член 37,**
- **член 29 до член 34.**

**3. Правилник за поблиските услови и начинот на употребата на средствата за присилба од страна на припадниците на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи (Службен весник на РСМ бр. 94/2022 година).**

**4. Кодекс за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во казнено-поправните и воспитно поправните установи (Службен весник на РСМ бр.30/ 2018 година).**

**5. Правилникот за Куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделнеија на затворите (Службен весник на РСМ, број 87/2020 од 02.04.2020 година).**

**6. Правилник за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено поправна установа (24.06.2020).**

**7. Куќен ред за децата кои издржуваат воспитна мерка – Упатување во воспитно поправен дом во РСМ бр.08-1987/1 од 21.10.2021 година.**

**Цел на процесот:** Зголемување на безбедноста лицата лишени од слобода и на вработените лица во установата

**Резултат:** Создавање на безбедна средина во установа

**Индикатори:**

- намалување на бројот на недозволени предмети
- намалување на бројот на бегства од установата
- намалување на бројот на самоповредувања на лицата лишени од слобода
- намалување на бројот на доставени пратки кои содржат предмети кои не се дозволени

<u>**Корисник  на процесот**</u>:
- Припадниците на затворската полиција,
- Директорот на установата

<u>**Сопственик на процесот:**</u> КПУ и ВПУ

<u>**Датум на евалуација на процесот**</u>: На секои 12 месеци

<u>**Документи:**</u>
1. План за претрес на лица лишени од слобода и простории
2. Записник за привремено одземени предмети
3. Книга за евиденција на извршени претреси
4. Книга за евиденција на одземени предмети

Постапка за претрес на лица лишени од слобода и простории



Постапка за претрес на лица лишени од слобода и простории



**Поведување на дисциплинска постапка спрема лицето лишено од слобода**

# УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ

## ЧЕКОР 1: Подготовка на план за претрес на лица и простории

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Планот за претрес овозможува согледување на потребите за вршење на претрес и координирано постапување при вршењето на претрес |
| **Кој?** | Директорот на установата и Заповедникот |
| **Што?** | Согласно утврдените потреби, планот за претрес содржи:<br>– во кој дел (област) на установата ќе се врши претрес<br>– каков претрес ќе се врши |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | На почетокот на секоја работна седмица (секој понеделник) |
| | Кога е потребно да се изврши претрес без одлагање, припадникот на затворската полиција може и по сопствена проценка да изврши претрес надвор од планот, за што веднаш треба да го информира непосредно претпоставениот |
| | |
| **Како?** | **1. Се прави анализа на моменталната состојба во установата и согледување на потребите за вршење на претре** |

## ЧЕКОР 2: **Издавање на наредба за претрес**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради спроведување на активностите предвидени во планот за претрес |
| **Кој?** | Директорот на установата и Заповедникот |
| **Што?** | Детално го запознаваат командирот на смена со планот за претрес<br>– во кој дел ( област) на установата ќе се врши претрес<br>– каков претрес ќе се врши |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | Најдоцна наредниот ден по изготвувањето на планот за претрес |
| **Како?** | **На заеднички состанок**<br>**- се даваат прецизни и јасни насоки за работа** |

**ЧЕКОР 3: Определување на припаднци на затворската полиција кои ќе го вршат претресот и нивно запознавање со планот за претрес**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради планирање и спроведување на активностите предвидени со планот за претрес |
| **Кој?** | Заповедникот во соработка со командирот на смена |
| **Што?** | Детално ги запознаваат припадниците на затворската полиција со планот за претрес |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | Пред започнувањето на претресот |
| **Како?** | **1. Се определува колку припадници на затворската полиција ќе го вршат претресот**<br>**2. Се определува точно кои припадници на затворската полиција ќе го вршат претресот**<br>**3. Припадниците на затворската полиција кои се определени дека ќе го вршат претресот се повикуваат н заеднички состанок**<br>**4. Детално им се даваат насоки каде ќе се врши претресот и каков претрес ќе се врши** |

## ЧЕКОР 4: Известување на лица лишени од слобода дека ќе се врши претрес

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради запознавање на лицата лишени од слобода |
| **Кој?** | Припадникот на затворската полиција кој го врши претресот |
| **Што?** | Ги информира лицата лишени од слобода дека ќе се врши претрес |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | Пред започнување на претресот |
| **Како?** | **1. Лицата лишени од слобода се информираат дека ќе им биде извршен личен претрес или претрес на просторијата во која престојуваат, на јасен начин со почитување на нивната личност и достоинство** |

## ЛИЧЕН ПРЕТРЕС

### ЧЕКОР 5: **Одвојување на лицето лишено од слобода на кое ќе му се врши претрес од останатите лица лишени од слобода**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради запознавање на лицето лишено од слобода |
| **Кој?** | Припадници на затворската полиција кои ќе го вршат претресот |
| **Што?** | Се одвојува лицето на кое ќе му се врши претрес од другите лица лишени од слобода |
| **Каде?** | Во собата за престој на лицата лишени од слобода или во други простории |
| **Кога?** | Пред започнување на претресот |
| **Како?** | 1. **Лицето лишено од слобода на кое ќе му се врши претрес останува во просторијата за претрес**<br>2. **Останатите лица лишени од слобода се одвојуваат во ходникот пред просторијата**<br>3. **Во просторијата каде што се врши претресот остануваат само двајца припадници на затворската полиција кои го вршат претресот и лицето лишено од слобода на кое ќе му се врши претресот** |

## ЧЕКОР 6: Вршење на претресот

| | | |
|---|---|---|
| **Зошто?** | За да се пронајдат недозволени предмети | |
| **Кој?** | Припадник на затворската полиција врши претрес во присуство на најмалку уште еден припадник на затворската полиција од исти пол со лицето на кое му се врши личен претрес | |
| **Што?** | Се претресува облеката, сите предмети кои ги носи со себе | Визуелен преглед на устата, ушите и косата |
| | Претресот се врши на начин при што нема да се наруши достоинството на лицето на кое му се врши претресот | |
| **Каде?** | При прием на лица лишени од слобода – во посебна просторија за таа намена<br>При вршење на редовни или вонредни претреси на лицата лишени од слобода во просториите за сместување<br>При претрес на лица кои доаѓаат на посета - во посебна просторија за таа намена<br><br>Во сите претходно наведени случаи претресот се врши надвор од погледот на други лица | |
| **Кога?** | Редовен претрес – според план за вршење на редовни претреси | |
| | Вонреден претрес - по добиени сознанија дека е можно да поседува предмети кои не се дозволени според одредбите од Правилникот за Куќниот ред на установата | |
| | | |
| **Како?** | 1.Припадникот на затворската полиција кој го врши претресот му кажува на лицето лишено од слобода да застане во стоечка положба | |
| | **Лицето на кое му се врши претресот во ниеден момент не смее да остане комлетно без облека** | |
| | 2. Му дава наредба на лицето лишено од слобода да ја ја соблече облеката од горниот дел на телото и облеката се става на пултот за претрес | |
| | 3. Се пристапува кон визуелна проверка на устата, косата, ушите и на горниот дел од телото | |

| | |
|---|---|
| | 4. Се проверува облеката и потоа му се враќа на лицето |
| | 5. Лицето лишено од слобода го облекува горниот дел |
| | 6. Му се наредува на лицето лишено од слобода да го соблече долниот дел од облеката и чевлите кои се ставаат на пултот за претрес |
| | 7.Визуелно се прегледува долниот дел од телото и стапалата |
| | 8. Му се наредува на лицето лишено од слобода да клекне и да стане |
| | 9. Се прегледува долниот дел на облеката и чевлите и му се враќаат на лицето лишено од слобода |
| | 10. Целата постапка на претресот визуелно ја следи другиот присутен припадник на затворската полиција |

## ПРЕТРЕС НА ПРОСТОРИИ

### Чекор 5: Одвојување на едно лице лишено од слобода кое ќе присуствува при претресот на просторијата

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради запознавање на лицето лишено од слобода дека ќе се врши претрес и негов увид во ситуацијата |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои ќе го вршат претресот |
| **Што?** | Се определува едно лице лишено од слобода кое ќе присуствува на претресот |
| **Каде?** | Во собата за престој на лицата лишени од слобода |
| **Кога?** | Пред започнувањето на претресот |
| **Како?** | **Лицаето лишено од слобода кое ќе присуствува при вршење на претресот останува во просторијата за претре**<br>**Останатите лица лишени од слобода се одвојуваат во друга просторија или погодно место**<br>**Во просторијата каде што се врши претресот остануваат само припадници на затворската полиција кои го вршат претресот и лицето лишено од слобода кое присуствува при вршењето на претресот** |

## ЧЕКОР 6: Вршење на претресот

| | | |
|---|---|---|
| **Зошто?** | За да се пронајдат недозволени предмети | |
| **Кој?** | Припадник на затворската полиција врши претрес во присуство на најмалку уште еден припадник на затворска полиција | |
| **Што?** | Се претресува облеката, сите предмети кои ги има во просторијата | Визуелен преглед на просторијата |
| | Претресот се врши на начин на кој што нема нема да се наруши достоинството на лицата лишени слобода | |
| **Каде?** | При вршење на редовни или вонредни претреси на просториите за сместување и др. заеднички простории каде престојуваат лицата лишени слобода | |
| **Кога?** | Редовен претрес – според план за вршење на редовни претреси | |
| | Вонреден претрес - по добиени сознанија дека е можно да поседуваат предмети кои не се дозволени според Правилникот за Куќниот ред на установата | |
| **Како?** | 1.Припадникот на затворската полиција кој ќе го врши претресот им соопштува на лицата лишени слобода дека ќе се врши претрес на просторијата во која престојуваат | |
| | **Претресот на просторијата во која што престојуваат лицата лишени слобода, како и на нивните лични предмети задолжително се врши во присуство на едно лице лишено од слобода** | |
| | 2. Дава наредба на лицата лишени слобода да излезат од просторијата каде што ќе се врши претресот | |

| | |
|---|---|
| | 3. Се одредува лице лишено од слобода кое ќе присуствува на претресот |
| | 4. Останатите лица лишени од слобода се одвојуваат во погоден простор за таа намена (шеталиште, ходник, др. просторија и сл.) |
| | 5. Се пристапува кон визуелна проверка на просторијата |
| | 6. Се проверува состојбата на решетките, прозореците, таванот, ѕидовите, вратата, бравата на вратата и на инвентарот во просторијата |
| | 7. Во зависност од одредениот број на припадници на затворската полиција предвиден со планот за претрес кои го вршат претресот на просторијата, се прави распоред на просторот кој треба да се претресе и контролира, со цел да се избегне повторување на просториите кои се веќе претресени и контролирани |
| | 8. Се проверуваат сите лични предмети кои ги поседуваат лицата лишени од слобода во просторијата во која што се врши претресот |
| | 9. Целата постапка на претресот визуелно ја следи еден припадник на затворската полиција воедно обезбедувајќи и лицето лишеното од слобода кое присуствува на претресот |

## СЛУЧАЈ КОГА ПРИ ПРЕТРЕСОТ ЌЕ БИДАТ ПРОНАЈДЕНИ НЕДОЗВОЛЕНИ ПРЕДМЕТИ

### ЧЕКОР 7: **Одземање на предметите и ставање во посебна најлонска обвивка за таа намена**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради спречување на лицата лишени од слобода да поседуваат и располагаат со недозволени предмети согласно Правилникот за Куќниот ред на установата и соодветно чување на одземените предмети |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои го вршат претресот |
| **Што?** | Ги одзема пронајдените предмети и ги става во соодветна најлонска ќеса за чување на предметите |
| **Каде?** | Во просторија наменета за чување на одземени предмети |
| **Кога?** | По завршување на претресот |
| **Како?** | **1. Пронајдените предмети се одземаат**<br>**2. На лицето лишено од слобода му се укажува дека предметите се недозволени и дека со нивното поседување ги повредило одредбите од Правилникот за Куќниот ред на Установата.**<br>**3. Предметите се ставаат во посебна најлонска обвивка за таа намена** |

## ЧЕКОР 8: Подготовка на Записник за одземени предмети, потпишување на Записникот и предавање на еден примерок од Записникот на лицата лишени од слобода

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Евидентирање на одземените предмети |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои го вршат претресот го подготвуваат Записникот и го потпишуваат; Лицето лишено од слобода го потпишува Записникот |
| **Што?** | Се подготвува Записник за одземените предмети, кој содржи датум кога е извршен претресот, на кое лице му е извршен претресот, што е пронајдено при претресот (со точен опис на пронајдениот предмет), и се потпишува |
| **Каде?** | Во службена просторија |
| **Кога?** | По завршување на претресот и по пронаоѓање и одземање на предметите |
| **Како?** | 1. **Припадникот на затворската полиција го подготвува Записникот во три примероци**<br>2. **Му го дава на увид на лицето лишено од слобода**<br>3. **Лицето лишено од слобода и припадниците на затворската полициија го потпишуваат Записникот. Доколку лицето лишено од слобода одбива да го потпише Записникот, тоа се забележува во самиот Записник**<br>4. **Еден примерок од Записникот му се дава на лицето лишено од слобода** |

## ЧЕКОР 9: Составување на Службена белешка за пронајдените предмети и Известување на Заповедникот, Директорот на Установата и наделжниот суд

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Информирање на претпоставените и преземање на понатамошни соодветни мерки |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои го вршат претресот и командирот на смена |
| **Што?** | Подготвуваат Службена белешка и ги информираат претпоставените, согласно хиерархиската поставеност |
| **Каде?** | Во Установата, |
| **Кога?** | По завршување на претресот, по пронаоѓање и одземање на предметите (најдоцна наредниот ден по завршување на претресот) |
| **Како?** | 1. Припадниците на затворската полиција составуваат Службена белешка за настанот<br>2. За пронајдените предмети и лицето од кое се одземени го информираат непосредниот претпоставен<br>3. Заповедникот го информира директорот на установата<br>4. Директорот на установата го информира надлежниот суд |

**ЧЕКОР 10: Евидентирање на одземените предмети во посебна Книга за евиденција на одземени предмети**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Евидентирање на одземените предмети, |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои го вршат претресот, Командирот на смена, Заповедникот |
| **Што?** | Во посебна Книга за евиденција на одземени предмети се евидентира:<br>– евиденционен број<br>– датумот кога е извршен претресот<br>– лицата лишени од слобода кај кои се пронајдени предметите<br>– точен опис на одземените предмети (пример: тип и број на пронајдени мобилни телефони)<br>– потпис на припадникот на затворската полиција кој го извршил претресот |
| **Каде?** | Евиденцијаата ја води Заповедникот |
| **Кога?** | По завршување на претресот, по пронаоѓање и одземање на предметите |

## ЧЕКОР 11: Евидентирање на извршениот претрес

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Да се има преглед на сите извршени претреси |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција кои го вршат претресот, Командирот на смена, Заповедникот |
| **Што?** | Во посебна книга за евиденција (или електронски) за извршен претрес се евидентира<br>– евиденционен број<br>– датумот кога е извршен претресот<br>– лицата лишени од слобода и просториите во кои се вршел претресот |
| **Каде?** | Евиденцијата ја води Заповедникот |
| **Кога?** | По завршување на претресот |

## СЛУЧАЈ КОГА ПРИ ПРЕТРЕСОТ НЕ СЕ ПРОНАЈДЕНИ НЕДОЗВОЛЕНИ ПРЕДМЕТИ:

- **по чекорот број 6 - Извршување на претресот се преминува на чекорот број 11 - Евидентирање на извршениот претрес**